| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Bul. “Koco Racin” 75, Skopje<br>Republic of Macedonia<br>Tel./fax: +389 2 31 64 539<br>E.mail: contact@mrf1952.mk<br>Web site: www.mrf1952.mk | | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Бул. “ Кочо Рацин“ 75 Скопје,<br>Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>E.mail: contact@mrf1952.mk<br>Web site: www.mrf1952.mk |
|---|---|---|



# ДРЖАВНА МУШИЧАРСКА ЛИГА 2025

## „ЛОВ НА РИБИ ГРАБЛИВКИ СО РИБОЛОВНА ТЕХНИКА МУШИЧАРЕЊЕ“

## ПРОГРАМА ЗА ПРВО И ВТОРО КОЛО

Организатор: **Македонска Риболовна Федерација**

Домаќин: **ЗРСРК РИБАР 2011 Скопје**

Термин на одржување на натпреварот: **25.05.2025**

Категорија: **Сениори**

Конкуренција: **Поединечно**

Место: **риболовен ревир река Треска – Скопска**

Право на учество на куп натпреварите во организација на МРФ, во поединечна конкуренција, имаат сите натпреварувачи регистрирани во РЗК членки на МРФ, кои навремено го извршиле пријавувањето, имаат решение за вршење на дејност спорт од Министерство спорт, матичното РЗК да има уплатена членарина за тековната година на жиро сметка на МРФ најдоцна 7 (седум) дена пред почетокот на натпреварот на кој ќе учествуваат.

**Рок за пријавување: 20.05.2025**

**Рок за достава на документи за спортска легитимација: 20.05.2025**

Број на натпреварувачите не е ограничен.

Сите натпреварувачи мораат да бидат регистрирани спортски риболовци и да поседуваат спортска легитимација пред почетокот на натпреварите за тековната година, согласно правилникот за регистрација на МРФ. Нерегистрираните членови немаат право на настап.

Натпреварот ќе трае вкупно 12 часа, во четири кола од по 3 часа, 2 кола во првиот ден и 2 кола во вториот ден. Предвиден е улов на риба само од видот пастрмка.

За учество во натпреварот се плаќа котизација од 2000 денари по натпреварувач.

# ПРОГРАМА

**Недела, 25.05.2025**

**6:30 до 7:00 часот -** Пристигнување на натпреварувачите на река Треска

**7:00 до 7:30 часот -** Запознавање на натпреварувачите со патеката и правилата, ждрепка за позиции и сектори за прво коло и подготовка на натпреварувачите

**7:30 до 8:00 часот** – Распоредување на натпреварувачите по позиции

**8:00 часот -** Почеток на првото коло од натпреварот

**11:00 часот -** Крај на првото коло од натпреварот

**11:00 до 12:00 -** Враќање на збирното место, ждрепка за позиции за второ коло и подготовка на натпреварувачите

**12:00 до 12:30 -** Распоредување на натпреварувачите по позиции

**12:30 часот -** Почеток на второто коло од натпреварот

**15:30 часот -** Крај на второ коло

Судискиот колегиум ќе биде дополнително одреден.

Натпреварот ќе биде во еден или два сектори, со извлекување на сектор и позиции за секој натпреварувач одделно, во зависност од бројот на пријавени натпреварувачи. Патеката ја одредува натпреварувачката комисија за мушичка од МРФ.

**Македонска Риболовна Федерација**
**Натпреварувачката комисија за спин и мушичка**